Александар АТАНАСОВСКИ

# ЈОВАН ОЛИВЕР - ФЕУДАЛЕН ВЛАДЕТЕЛ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК

Јован Оливер спаѓа во редот на највидните феудалци во Македонија во периодот на српското владеење. За неговата личност и териториите што ги владеел досега пишувале повеќе истражувачи[1].

Прв сигурен спомен за Оливер имаме од времето на крал Стефан Душан на 28 јуни 1336 година пред дубровничкиот кнез Никола Фалетра излегол „Oliver Gherchinich baro domini Regis Raxie et cener Charavide"[2]. Почетокот на напредувањето на Јован Оливер се сврзува за преговорите помеѓу византискиот император Андроник III Палеолог и Стефан Душан (1334, 1336 г.), кога тој, веројатно, се спријателил со Јован Кантакузин[3]. Неговата феудална територија тогаш се простирала во Злетово и Овче Поле.

Кариерата на Јован Оливер може со сигурност да се следи од 1336 до 1355 година. За неговата личност се зачувани податоци, пред сѐ, во грамотите што ги издал на црквата Св. Димитриј во Кочани во 1336 - 1337 година[4] и на манастирот во Лесново[5], како и во ктиторскиот натпис во овој манастир[6]. Името на Јован Оливер е забележано и во житието на Св. Гаврил Лесновски[7], како и во еден пролог од 1342 година[8]. Од современите наративни извори за Јован Оливер известуваат Ј. Кантакузин и Н. Грегора[9].

1 К. Николајевић, *Српски Комнени по историји и предању.* - Гласник ДСС, XIII, Београд 1861; С. Симић, *Лесновски манастир Св. Оца Гаврила задужбина српског деспота Ј. Оливера.* Београд 1912 ; Ј. Радонић, *О деспоту Јовану Оливеру и његовој жени Ани-Марији.* - Глас СКА XCIV, Београд 1914; Ђ. Бошковић, *Белешке са путовања.* - Старинар 7, Београд 1932; Ј. Радонић, *Наши деспоти током векова.* - Глас САН, 219 Београд 1956; Ђ. Стричевић, *Једна хипотеза о титуларном имену српских деспота XIV века.* - Старинар VII - VIII (1956/57), Београд 1958; Ферјанчић, *Деспоти у Византији и јужнословенским земљама.* Београд 1960; Г. Томовић, *Повеља манастира Леснова.* - ИЧ, књ. XXIV Београд 1977; Т. Томоски, *Штип во периодот од XII - XIV век.* - Зборник, *Штип низ вековите* I, Штип 1986 и др.

2 К. Јиречек, *Споменици српски. - Споменик XI*, 1895, 25; Ј. Радонић, *О деспоту Јовану Оливеру*, 79; К. Јиречек, *Историја Срба. I.* 222 и бел. 49.

3 Cant. II. 257 - 259; *Виз. извори*, VI. 383; Ј. Радонић, *О деспоту Ј. Оливеру*, 91; N. Ocunev, *Lesnovo. L'art byzantin chez les Slaves.* I. Paris 1930, 224; М. Пурковић, *Јелена жена цара Стефана Душана.* Диселдорф 1973, 13; Б. Ферјанчић, *Душан и српска властела*, 189; С. Ћирковић, *О састанцима...*, 208.

4 С. Новаковић, *Законски споменици*, 662.

5 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 296; Г. Томовић, *Повеља манастира Леснова*, 94.

6 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 293; Љ. Стојановић, *Стари српски записи* , I. 30 бр. 71; Г. Томовић, *Морфологија*, 56 - 57; С. Симић, *Лесновски манастир.* 11.

7 Й. Иванов, БЪлгарски старини из Македония, София 1970, 399.

8 Љ. Стојановић, *Стари српски записи.* I. 20 и 30, запис бр. 71, 72, 75, 102; С. Симић, *Лесновски манастир*, 11.

9 Cant. II. 257 - 277; ГИБИ, X, 317 - 318; *Виз. извори*, VI. 353, бел. 170; 380; 385; Greg. II. 638 - 640; ГИБИ, XI, 171 - 172; *Виз. извори*, VI. 232 - 233.

Врз основа на расположливите извори може да се заклучи дека Ј. Оливер добро напредувал во својата кариера и за кратко време ги поминал скоро сите степени на српската дворска хиерархија, почнувајќи од началник т. е. командант на копнената војска, стигнал до титулата деспот, со која се јавува на залезот од кариерата.

Повелбата од 7 декември 1336/37 година, издадена на црквата Св. Димитриј во Кочани, Ј. Оливер ја потпишал како „велики слуга све српске земље и поморске“[10]. Оваа е единствена властелинска повелба која е пишувана според владетелски формулар и со крстови на почетокот на текстот и пред потписот. Оливер со тоа го манифестирал своето учество во врховната власт, па тоа може да се смета како знак на неговиот релативен суверенитет, што им припаѓал на „краишниците“, заповедниците на пограничните области (кои одговарале на краишките грофови-маркгрофови во Германија, а на маркизите во Франција) со поширока политичка иницијатива во однос на одбраната на границата[11].

Во натписот од манастирот Лесново (1341 г.) се споменува „велики војвода Јован Оливер со сопругата Ана-Марија и синот Крајко“[12]. Како „велики војвода“ се наведува и во ктиторскиот натпис од Лесново[13] и во еден минеј од 1342 година, пишуван во деновите на кралот Стефан Душан, а по заповед на „великиот војвода Јован Оливер“[14]. На монограмот во кубето на припратата на црквата на манастирот Лесново, Ј. Оливер е наведен како „севастократор“ заедно со сопругата Ана-Марија[15]. Со титулата деспот, Ј. Оливер првпат се споменува во Повелбата на цар Душан на манастирот Лесново[16], каде што стои : **„и подари деспот царства ми. .“**[17].

10 Ст. Новаковић, *Законски споменици*, 663 „**Велики слуга Оливерь срьпский е земли и поморскіе**“; Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти од Душаново време*. 148.

11 Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти*, 147.

12 Љ. Стојановић, *Стари српски записи*. I. 30, запис бр. 71; С. Симић, *Лесновски манастир*, 12.

13 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 293; *Стари српски записи и натписи*. Приредио М. Павић, Београд 1986, 58.

14 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 296, „**великі воевода Ѡлївер повелѣ а Станиславь писа**“; Љ. Стојановић, *Стари српски записи*, I, 31 бр. 73 - 75; Г. Томовић, *Повеља манастира Леснова*, 84; Истата, Морфологија, 56 - 57.

15 Ђ. Бошковић, *Белешке са путовања*, 88 бел. 11; Г. Томовић, *Повеља*, 88; С. Габелић, *Нови податак о севастократорској титули Ј. Оливера и времену сликања Лесновског наоса*. - Зограф 11, Београд 1980, 54 - 62.

16 Архимандрит Леонид, *Хрисовуља цара Стефана*. 287 - 296; С. Новаковић, *Законски споменици*. 676 - 681; Г. Томовић, *Повеља*..., 86 - 88, бел. 8.

17 Архимандрит Леонид, *Хрисовуља цара Стефана*, 293. За деспотската титула на Ј. Оливер види: Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи*, I, 31, бр. 73 - 75; Ђ. Стричевић, *Једна хипотеза*, 239; Б. Ферјанчић, *Севастократори и кесари у српском царству*, - Зборник Филозофског факултета XI/ 1, Београд 1968; Истиот, *Деспоти у Византији*..., 164.

Освен Ј. Оливер и жена му Ана-Марија, во изворите се споменуваат и неговите деца: Даница, Крајко, Дамјан, Видослава, Дабижив, Гусин и Оливер[18].

Во поглед на местоположбата на имотите на Јован Оливер, во науката се искажани различни гледишта[19]. Во 1341 година Ј. Оливер го држел крајот околу Кочани[20], а во 1342 година на таа област го придодал и Овче Поле. Според Ј. Павловиќ, во времето на Душан во „Малешево управувал неговиот војвода Јован Оливер"[21]. Матанов, пак, е на мислење дека „точните граници на неговите владенија сѐ уште не се утврдени со неопходна прецизност, но по сѐ изгледа тие се простирале помеѓу реките Пчиња, Вардар, Брегалница и Осоговските Планини, а по смртта на Хреља, деспот Оливер веројатно присоединил и дел од неговите земји"[22]. Во расправата за поседите на Ј. Оливер треба да се земе предвид и претпоставката дека областа помеѓу Струма и Вардар имала посебен статус во средновековната српска држава. Според Г. Стричевиќ „таа била еден вид деспотат, територија која се давала на управа на деспоти"[23]. Дека Оливер ги држел „териториите во средниот тек на Брегалница со Злетово, Мороздвизд и Пијанец" се изјаснил и Т. Томоски[24].

Потеклото на деспот Јован Оливер не е наполно познато, како впрочем и потеклото на повеќето феудални владетели во Македонија во тоа време. Некои научници претпоставуваат дека тој е од западно потекло[25], други го поврзуваат со византиската фамилија Ливерос (ὁ Λίβερος) и го сметаат за Грк[26]. Во постарата литература постои мисле-

18 К. Николајевић, *Српски Комнени.* 294. „**Помѣни Господи Благочьстиви ктитори наши вь царства си: Оливера дѣспота и подроужїе Марию и чеда ихъ Дьницу, Краика, Дамїана, Видосава, Дабижїва, Грусина, Оливера**".

19 Љ. Стојановић, *Стари српски записи*, I. 30 бр. 71. За имотите на Ј. Оливер спореди: К. Јиречек, *Историја Срба.* I. 262; II, 25; Ј. Радоњић, *О деспоту Ј. Оливеру*, 89; 91; М. Динић, Реља Охмућевић, 99; Г. Томовић, *Повеља...*, 84, 94: Р. Грујић, *Који је српски деспот умро као великосхимник Јован Каливит?* - Гласник СНД 11, Београд 1932, 233 - 237; М. Рајић, *Основно језгро државе Дејановића.* - ИЧ. 4, Београд 1953, 239; Т. Томоски, Овче Поле во средниот век. - *Годишен зборник на Филозофски факултет - Скопје*, 4 (30), Скопје 1978, 254; Х. Матанов, *Југозападните земи*, 35; А. Атанасовски, *Пијанец*, 88 - 89.

20 Г. Томовић, *Повеља манастира Леснова*, 96.

21 Ј. Павловић, *Малешево и Малешевци*, Београд 1929, 409.

22 Х. Матанов, *Југозападните земи*, 35. За различните мислења види: Б. Ферјанчић, *Деспоти...*, 159 бел. 16; Г. Томовић, *Повеља манастира Леснова*, 86 и сл.

23 Ђ. Стричевић, *Једна хипотеза*, 124.

24 Т. Томоски, Распаѓањето на Душановото царство и создавањето на независни држави и поседи во Македонија, - *Историја на македонскиот народ.* I. Скопје 1969, 193; Београд 1970, 179. Спореди и А. Атанасовски, *Пијанец*, 88 - 89.

25 К. Јиречек, *Историја Срба.* II. 254.

26 Ђ. Стричевић, *Једна хипотеза*, 118; Ј. Радонић, *О деспоту Ј. Оливеру.* 79; Виз. извори. VI, 380 - 381 бел. 90.

ње дека Оливер бил брат на познатиот севастократор и деспот Дејан, североисточен негов сосед[27], но поновите истражувања категорички го отфрлија тоа гледиште. Во текот на српските завладувања во Македонија, тој големец очигледно заземал видно учество, коешто му помогнало за издигнувањето до степен на еден од најблиските Душанови велможи. Уште во 1341 година, како „велик слуга", Оливер самостојно завладеал области во Југоисточна Македонија и лично нему, а не на српскиот владетел, му се предавале некои од месните византиски феудалци од областа на Кочани[28]. За еден таков феудалец, по име Тодор, се споменува во Оливеровата грамота, издадена самостојно околу 1336 или во почетокот на 1337 година[29], за манастирот „ Св. Димитриј" во Кочани. Во почетокот на 40-тите години на XIV век, Оливер го обновил храмот на македонскиот светител Св. Гаврил Лесновски и станал негов ктитор заедно со сопругата Ана-Марија и децата[30]. Неговиот портрет и портретите на членовите на неговото семејство се насликани како ктитори и во параклисот Св. Јован Претеча во катедралниот храм Св. Софија во Охрид[31].

Јован Оливер бил богат феудалец. Тоа може да се заклучи и од вестите на Ј. Кантакузин за средбата во 1342 година, кога го примил со придружбата (2 000 војници) и ги одвел во својот двор, каде што ги гостел три дена[32]. Ј. Кантакузин наведува и тоа дека Душан имал 24 највлијателни велможи, меѓу кои Ј. Оливер бил најмоќен велможа[33]. За богатството на Ј. Оливер сведочи и ѕидањето на Лесновскиот манастир[34], кој го подарил со многу имоти, лозја, воденици, цркви и сл[35]. Во врска со тоа во еден натпис се вели : „**великӣ и воѥвода ѡливерь сьзда ис темелиꙗ и сьврьшивь и пописа и всакӣ ми добротами украсивь, сьсудӣ златӣ ми и сребрьнӣ ми, покова великӣ е иконӣ сребромь и златомь ꙗкоже ѥст лѣпо домь божии оукрашати, подавь села и метохиѥ и пашища и ливаде и планине**"[36].

27 Ст. Новаковић, *Срби и Турци...*, 129.

28 Х. Матанов, *Югозападните земи*, 35 - 36.

29 Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти...*, 148 - 149. „**се прѣда изь Грькь**".

30 Й. Иванов, *Български старини*, 156.

31 Ц. Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство од XIV век.* Охрид 1980, 62 - 65.

32 Cant. II. 258 - 260; ГИБИ, X, 317; *Виз. извори* VI , 384.

33 Cant. II. 260; ГИБИ, X, 317 - 318; *Виз. извори* VI, 398, бел. 122

34 Види поопширно: К. Николајевић, *Српски Комнени*, 293, „**сИзда се сїи свѣтлїи и чїстнӣ храм вликаго воѥводе вӣшних силь архистртига Михаїла сИзда се и сьврьши се вь дни Стефана крала сь трудомь и поданиѥм раба божиꙗ Їѡана великаго воеводе Ѿливера и подроужиꙗ ѥго рабу божию Анноу Мару и вьзлюбленнаго ему сӣна Краика..**"; С. Симић, *Лесновски манастир 11; Злетовската област (географско - историски осврт)*, Скопје 1974, 221, 626 - 635 и таму наведената литература.

35 *Законски споменици.* 675; Г. Томовић, *Повеља манастира*, 95.

36 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 296.

За да се изгради манастир и да се снабди со секакви садови, со икони оковани во сребро и злато, навистина требало да се има големо богатство. Токму тоа го имал Оливер, за што сведочи и приведениот натпис.

Извор на богатството биле рудниците Злетово-Саса, што се наоѓале на територијата на неговиот имот, а во кои работеле прочуените средновековни рудари - Саси. Покрај тоа, Ј. Оливер собирал приходи и од потчинетото население кое му доставувало : „соќе, перперак, пис, димнина, приплата, поклон царски, десеток од жито, вино, како и ***всакого десетка живаго*** (овци, свињи, пчели), тревнина, наметак свински и овчи, приселица, псар и герекар и позоб“[37]. Податоци за овие даноци содржи Душановата грамота за имотите на Лесновскиот манастир од 1347 година, со која се ослободуваат зависните луѓе на Епархијата од овие даноци. Тоа, пак, значи дека другите зависни луѓе што живееле надвор од епархиските имоти биле должни да ги доставуваат сите тие даноци. Исти податоци за тоа среќаваме и во грамотата на Ј. Оливер за црквата Св. Димитриј во Кочани[38] каде што стои одлука за слободно населување на земјата што ѝ припаѓа на споменатата црква според „законот црковен“, со имунитетни права да бидат ослободени од сите „**работь господства ми**“, и од сите „**поданоци**“ кралеви и Оливерови „**и да имь не узима никои поданькь кралєв ни мои**“[39]. Посебно се истакнува ослободувањето од „позоб, душегубие (вражда) и од сите работи - орание, копание и понос“[40].

Одредбите во грамотата укажуваат на тоа дека сите посочени даноци и обврски зависното население било должно да ги доставува на владетелот. Токму затоа, за да ги заштити „црковните луѓе“, Ј. Оливер внел таква одредба.

Богатството што го имал и високата титула што ја носел му овозможувале да поседува голема самостојност во рамките на српската држава, како и да прави свои планови за лични интереси. За тоа сведочат и искажувањата на Ј. Кантакузин. Кога престојувал во неговиот дворец близу Велес, покрај за богатствата Ј. Кантакузин вели дека „Јован Оливер многу сакал да биде меѓу неговите потчинети“. Потоа, за време на престојот станало збор и за склучување брак помеѓу ќерката на Оливер - Даница, и синот на Кантакузин - Мануил[41].

37 Архмандрит Леонид, *Хрисовуља цара Душана*, 294.

38 В. Григоровичь, *Очеркь путешествия по Европейской Турции*, изд. 2. Москва 1877, 46; К. Николајевић, *Српски Комнени*, 297; С. Новаковић, *Законски споменици*, 662 - 663; Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти*, 147 - 149.

39 Исто со бел. 38

40 К. Николајевић, *Српски Комнени*, 297 „**ни копанꙗ, ни оранꙗ, ни поноса...**“

41 Cant. II. 260; ГИБИ, X, 317 - 318; Виз. извори, VI, 384.

Со оглед на тоа што Ј. Кантакузин е многу пристрасен во излагањето на настаните, во коишто тој е централна фигура, никој досега (освен Х. Матанов) не обрнал внимание на оној негов податок според кој Ј. Оливер „многу сакал“ да се потчини на императорот т. е. Ј. Кантакузин. Всушност овој податок не само што стои во врска со другите податоци на византискиот историчар и император за настаните од крајот на 1350 година, кога некои феудалци од Македонија се присоединиле кон него, туку наоѓа поткрепа и во една одредба во грамотата на Стефан Душан за основањето на Злетовската епископија (1347 г.). Таа одредба гласи : „Ако некогаш се случи деспот Оливер да згреши спрема некој дел од царството мое (се разбира: ако оддели некој дел од царството - б. м. ) и спрема српскиот престол...“[42]. На оваа одредба обрнала внимание Г. Томовиќ при што се искажала дека во случајот претпазливоста на српскиот цар се должи на свежите спомени за отцепувањето на Хрељa[43].

Цитираната одредба од грамотата на Стефан Душан и податоците од Ј. Кантакузин дозволуваат доста добро да се разбере напнатоста што се јавувала во односите меѓу владетелот и феудалецот, независно од тоа што деспот Ј. Оливер не направил обид за отцепување од српската држава. Впрочем треба да се истакне дека податоците на Ј. Кантакузин за Оливер наоѓаат потврда и во „Римската историја“ на Никифор Григора, кого не можеме да го обвиниме за субјективизам или пристрасност. Григора пишува дека „тој (Оливер -б. м.) ветил со полна готовност да направи сè по волјата му (на Кантакузин - б. м.), дури ако треба да се изложи на големи и неподносливи опасности“[44]. Очигледно Оливер бил доволно богат и силен во воен однос за да не се задоволи со „улогата на обичен служител на српската круна“[45].

Во грамотата за Св. Димитриј во Кочани има директни податоци за тоа дека Ј. Оливер, уште пред да ја добие деспотската титула, имал сопствен административен апарат, различен од оној на владетелот, сопствени вазали и дека неговите „луѓе“ во неговите владенија во практиката имале „двојно поданство“- на нив било гледано како на луѓе на Оливер, а потоа на Душан, во својство на врховен владетел[46].

42 Архимандрит Леонид, *Хрисовуља цара Душана*, 295, „**аще и поне слоучит се деспотоу Ѡливероу, и сьгрѣшить коимь либо дѣломь царствоу ми и столоу срьпскомоу**“. Спореди и Законски споменици, 680, XXV.

43 Г. Томовић, *Повеља...*, 95.

44 Greg. II. 638 - 639; ГИБИ, XI, 171.

45 Х. Матанов, *Югозападните земи*, 37.

46 Спореди : Ђ. Стричевић, *Једна хипотеза...*, 113.

Тоа јасно се гледа од имунитетната одлука што ја содржи забраната за мешање „во областа“, односно компетенциите на овој посед за сите „владалци“ кралски и Оливерови, со посебно цитирање на севастот, кнезот, прахторот, псарот и останатите потчинети власти „**ни ини кто иже подь властию**“[47].

Сето тоа јасно укажува дека Ј. Оливер имал свои „властели“, т. е. феудалци кои му биле потчинети. За таков потчинет феудалец на Ј. Оливер станува збор и во грамотата на царот Стефан Душан за потврдување на баштината на властеличиќот Иванко Пробиштиповиќ од 28 март 1350 година, каде што во диспозицијата стои одлука да се потврдат сите купувачки на Иванко Пробиштиповиќ, властеличиќот на деспот Оливер „**властеличикю деспотову Иваньку Пробѣштитовикю**“[48]. Секако дека Ј. Оливер имал и други свои властеличиќи[49].

Од овие податоци јасно се гледа дека фактичките односи меѓу Стефан Душан и Јован Оливер наликуваат многу на односите сизерен - вазал и дури на тоа дека постоела, иако не сосема видлива тристепена хиерархиска зависност меѓу владетелот, феудалецот и поситните властели во неговото „доминијално владение“. Во прилог на тоа Х. Матанов го наведува и начинот на кој се претставени српскиот владетел и деспот Оливер на фреските од Лесновскиот манастир[50].

Уште еден момент од животниот пат на Јован Оливер како феудалец во Македонија под српска власт заслужува посебно внимание. Хреља, во 30-тите години на XIV век, го обновил храмот на Рилскиот манастир, а Оливер во 1341 година ја изградил со свои средства црквата посветена на еден од следбениците на Св. Јован Рилски - Св. Гаврил Лесновски. На тој начин тој содејствувал за оживување на неговиот култ во Македонија и тоа кога таа е скоро речиси целата под српска власт. Оливер веројатно бил одушевен од напишаното во 1330 година житие на светецот од раката на Штипјанецот Станислав, чија дејност и понатаму е сврзана со манастирот во Лесново[51]. Ова, исто така, може да оди во прилог на тезата дека Јован Оливер и Хреља се од македонско потекло, кои биле во служба на Византија, па потоа

47. Л. Славева - В. Мошин, *Српски грамоти*, 147-148

48 Исто, 140; спореди снимка од архивата на В. Мошин со ознака Хил. 35.

49 Спореди: А. Атанасовски, *Пијанец*, 91 - 92.

50 Х. Матанов, *Югозападните земи*, 37; В. Ђурић, *Три догађаји у српској држави XIV века и њихов одјек у сликарству*. - ЗЛУ, 4. Београд 1968, 84.

51 Й. Иванов, *Българскй старини*, 156, 394 и сл. За тоа дека Станислав бил родум од Штип види: З. Расолкоска - Николовска, Црквата „Св. Георги“ во Горен Козјак во светлината на новите испитувања. - *Зборник, Кирил Солунски*. Скопје 1970, 222; И. Велев, Станислав и неговата дејност во Лесново. - *Македонска средновековна книжевност*, Скопје 1991,195-209. Во меѓувреме излезе и друг труд на И. Велев, *Македонскиот книжевен XIV век*, Скопје, 1996, 45.

преминале во служба на српските владетели. Ако биле дојдени од Запад, секако нивните задужбини не би ги посветиле на месните македонски светители.

Последен директен спомен за Оливер имаме од крајот на 1354 година, кога во едно писмо на папата Инокентие VI тој повторно се споменува како еден од блиските феудалци на српскиот цар [52]. По сѐ изгледа тој или умрел наскоро потоа, или се повлекол од световниот живот и го завршил животниот пат како Івеликосхимник Јован Каливитв[53]. Некои истражувачи мислеа дека овој феудалец го надживеал Душана и како доказ за тоа посочуваа една серија монети со името деспотот Оливер ( monita despoti Oliveri) и на цар Урош, наследникот на Душан[54]. Исто така се прифаќаше мислењето дека тој е единствениот феудалец кој ковел монети уште пред 1355 година. Но, Љ. Недељковиќ предложи ново читање на натписите на споменатите монети (monita despoti Ioanni) и го одрече нивниот претходен атрибут [55]. Други истражувачи сметаат дека деспот Оливер ковал монети пред 1355 година, а ги прогласија за неидентификувани монетите со натпис Ідеспот Јованв, емитувани по 1355 година [56]. Според Х. Матанов, латинскиот натпис на тие монети јасно покажува дека биле ковани за промет (обрат) надвор од Балканскиот Полуостров. Овој факт и предложеното ново читење на натписот на монетите даваат клуч за нивна правилна атрибуција. Тие веројатно биле ковани од деспот Јован Комнин Асен, за кого се знае дека одржувал живи трговски врски со Дубровник и Венеција уште пред 1355 година [57].

По смртта на Душан, како господари на територијата што ја владеел Ј. Оливер, ги среќаваме синовите на севастократорот Дејан.

52 Б. Ферјанчић, *Десйоши...*, 161 - 162.

53 Р. Грујић, *Који је срйски десйош умро као великосхимник Јован Каливиш?* 233 - 237.

54 Монетите се публикувани од: S. Ljubić, *Opis jugoslovenskih novaca.* Zagreb 1875, 186 - 187; Н. Мушмов, *Аншичниише монеши на Балканския йолуосшров и монешише на българскише царе*, София 1912, 501 - 502; Р. Марић, *Сшудије из срйске нумизмашике* . Београд 1956, 103.

55 Љ. Недељковић, Проблем новца деспота Јована Оливера. - Зб. народног музеја у Београду, V, 1967, 247 - 260; Истиот, Сувладарски новци српских средњовековних владара. - *Зб. народноī музеја у Беоīраду* , VIII. 1975, 378 - 379.

56 С. Димитријевић, Новац кнеза Лазара у односу на новац других обласних владара. - В: *О кнезу Лазару*. Научни скуп у Крушевцу 1970, Београд 1975, 185 - 186.

57 Х. Матанов, *Юīозайаднише земи*, 38.

## SUMMARY

Aleksandar ATANASOVSKI

**JOVAN OLIVER - FEUDAL RULER IN MACEDONIA DURING THE FIRST HALF OF XIV-th CENTURY**

Jovan Oliver is one of the most outstanding feudal lords during the period of serbian rule. For the very first time he was mentioned at 28-th of june 1336 during his visit in Dubrovnik. His career is connected with the negotiations between emperor Dusan and Andronik III (1334, 1336). He had passed all steps of feudal hierarchy beginning from „veliki sluga", „veliki vojvoda", „sevastokrator" and „despot". He issued charts (diplomas) in accordance with ruler's form and on this way he manifested his participation in the supreme authority and his relative sovereginity as „kraisnik". There are different options (suppositions) about the origin of Jovan Oliver, but on the base of locations of his properties and the fact that his bequeath-monastery in the v. Lesnovo - he dedicated to the macedonian saint - st. Gavril Lesnovski, lead us to the conclusion that he originates from macedonian aristocracy, which was in the service of Byzance, but with extension of privileges. He had his feudal subjects. He issued diplomas and gave immunity rights to his subordinants. All these facts prove that he had great independency (autonomy) within the serbian state. His indenpendency is supported by the fact that in 1342 he wanted to be among the subjects of Jovan Kantakuzin and also the decree in Dusan's chart for Lesnovo monastery from 1347 in which are stipulated sanctions against Jovan Oliver if he abandon serbian authority. For the last time he was mentioned in 1354 in the letter of pope Inocent VI. After his death, as rulers of his territory, we found the sons of sevastokrator Dejan.